Република Северна Македонија
Јавна ... центар
за социјална работа Штип
Бр. 04-816/1
25.07.2023 год.

Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Штип врз основа на член 188 и 212 од Законот за социјална заштита (Сл.В. на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), член 22 ал. 9 од статутот на ЈУ МЦСР Штип, а согласно пресудата на Основен суд Штип РО-133/23 од 12.06.2023 година донесе:

# О Д Л У К А

## за унапредување на давател на јавна услуга во раководител на служба за услуга од социјална заштита при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Штип

1. За извршител на работното место СОЗ0303А01002 раководител на служба за услуга од социјлна заштита при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип се избира кандидатот Наталија Панова од Штип, вработена на неопределено време во ЈУ МЦСР Штип на работно место дипл. соц работник во служба за услуги од соц. заштита.
2. Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работно место од точка еден, по конечноста на на оваа одлука.
3 Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 07.12.2022 година на веб страната и огласната табла на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип, беше објавен интерен оглас бр. 01/2022 за пополнување на две работни места со унапредување и тоа:

- Раководител на служба за права на парична помош и
- Раководител на служба за услуги од социјана заштита

Комисијата за селекција на кандидатите за унапредување, формирана со решение на В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип, ги спроведе фазите за селекција (Административна селекција и интервју) согласно Законот за социјална заштита и на ден 15.12.2022 година до В.Д. Директорот на ЈУ МЦСР Штип достави ранг листа бр. 04-1353/9 од прво рангираните кандидати по објавениот интерен оглас со цел донесување на соодветна одлука.

В.Д. Директорот на ЈУ МЦСР Штип на ден 27.12.2022 година донесе одлука за невршење избор за унапредување на давател на јавна услуга во раководител на служба за услуга од социјална заштита. Кандидатот Наталија Панова незадоволна од одлуката на ден 04.01.2023 година преку нејзиниот полномошник поднела приговор бр. 04-20/1 до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

На ден 02.02.2023 година Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен донела решение РО.бр. 0904-11 со кое се одбива приговорот на Наталија Панова, од причини што В.Д. Директорот на ЈУ МЦСР Штип постапил во рамките на ингеренциите и овластувањата кои му се утврдени со Закон. Против оваа решение кандидатот Наталија Панова, преку нејзиниот полномошник поднела тужба до Основен суд Штип. Судот по закажаните и одржаните рочишта, на ден 12.06.2023 година донел пресуда РО-133/23 со која тужбеното барање на тужителот се усвојува и се

поништуваат: одлуката за невршење избор за унапредување на давател на јавна услуга во Раководител на Служба за услуга од социјална заштита и решението на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен РО.број 0904-11 од 02.02.2023 година.

По спроведената постапка согласно доставената ранг-листа и пресудата на Основен суд Штип РО-133/23 од 12.06.2023 година се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатсво за правно средство**: Против ова одлука може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката за избор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

В.Д. Директор
Виктор Ѓоргиевски

Доставено до:
-странки
-архива и
- досие